| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Децата и улицата |
| **Содржина на денот** | Групирање играчки |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Адријана Станков |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за редовно миење и дезинфицирање играчки,истите да не се ставаат во уста и да не се кршат. |
| **Активности** | Разговарајте со детето за неговите омилени играчки. Поттикнете го да ги именува и да ги опишува. Од сите играчки со кои игра детето обидетете се да ги издвоите коцките (големи и мали). Потоа заедно со детето групирајте ги на една страна големите, а на друга страна малите. Разговарајте за нив, и нека детето ги набљудува и воочува големите и малите коцки.<br>Предложете му на детето да играте игра со носење на коцките до одредено место. За оваа игра ќе бидат потребни два подлабоки пластични сада или корпи. Корпите поставете ги подалеку од групираните коцки. Поттикнете го детето големите коцки со брзи чекори да ги носи и да ги остава во едната корпа, а помалите коцки со скокови да ги однесе до другата корпа.<br>За крај поиграјте заедно со коцките и направете некои фигури. Обидетете се детето по играта да го поттикнете да ги врати сите играчки на место,како би водело грижа за истите. |